Република Северна Македонија
**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Почитувани,

Ве известуваме дека Инспекцискиот совет ќе започне со реализација на првата интерактивна обука март – мај 2023 година.

Согласно одредбите од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 120/19), воспоставен е целосно нов систем за стекнување со лиценца за инспектор во инспекциските служби во Република Северна Македонија.

Кандидатот за инспектор треба да помине соодветен процес на обучување, врз основа на програми за обуки. Овој процес се состои од два дела, со вкупно времетраење од 12 месеци. Од тоа, три месеци интерактивна обука обезбедена од Инспекцискиот совет и девет месеци практична работа и обука на работното место, под надзор на ментор, во инспекциската служба каде е вработен.

Стекнувањето на знаења за општата законска рамка за инспекциски надзор, изградбата на интегритетот на идните инспектори, вештини за професионално однесување и општите задачи поврзани со инспекцискиот надзор, се идентификувани како посебни цели кои ги опфаќа Програмата за интерактивната обука за стекнување со лиценца за инспектор.

Поради состојбата предизвикана од пандемијата на вирусот COVID-19, како и согласно мерките и препораките за штедење предвидени во Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст усвоен на 88 седница на ВРСМ одржана на ден 09.10.2022 година, интерактивната обука за кандидатите за инспектори, ќе се спроведе on-line,односно преку електронско учење преку материјали и презентации адаптирани за принцип на самоучење, за што ќе се искористи електронска платформа за обуки и испити (ЛМС), воспоставена од Инспекцискиот совет.

Интерактивната обука ќе започне со воведна сесија, која ќе се одржи на 1 март 2023 година, во просториите на Инспекцискиот совет, со тоа што кандидатите ќе ја следат поделени во две групи и тоа првата група од 09:00 – 12:00 часот и втората група од 13:00 -16:00 часот.

Консултативните сесии за секој модул ќе бидат спроведувани со физичко присуство во просториите на Инспекцискиот совет, во два термина со тоа што кандидатите ќе ги следат поделени во две групи и тоа првата група од 09:00 – 12:00 часот и втората група од 13:00 -16:00 часот, и тоа во деновите означени со * како ден за консултации за секој модул посебно, согласно временскиот распоред за следење на модулите.

Програмата опфаќа осум модули, поделени во 23 теми, чие вкупно времетраење изнесува три месеци, односно 360 наставни часа, како што е прикажано подолу. Наставните програми за сите модули и теми се изработени во рамките на проектот за поддршка на инспекцискиот систем во Република Северна Македонија, финансиран од Европска Банка за обнова и развој.

**Пристап до платформата за следење на интерактивните обуки е на следниот линк:**

https://lms.is.gov.mk/login/index.php

Ви посакуваме успешна обука.